## ПОСЕБНИ НАЧИНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

### 1. Прашање:

Како договорен орган, во текот на годината спроведуваме само една јавна набавка за одржување на хигиена. Во Годишниот план за јавни набавки се внесува само оваа јавна набавка. Со оглед на фактот дека е потребно најмногу до 40% од бројот на јавните набавки да биде со спроведување на електронска аукција, дали ќе може оваа јавна набавка да ја спроведеме со електронска аукција?

### Одговор:

Согласно член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/25, договорниот орган може да користи електронска аукција најмногу до 40% од бројот на објавени огласи во 2025 година.

Во однос на Вашето прашање, а имајќи го превид гореневеденото, Бирото е на мислење дека само една предвидена набавка во Годишниот план за јавни набавки не би можело да се спроведе со користење на електронска аукција.

## ПЛАНИРАЊЕ / ПРЕТХОДНА ПРОВЕРКА НА ПАЗАРОТ

### 2. Прашање:

Планот за јавни набавки на нашето јавно претпријатие го носи Управниот одбор, меѓутоа поради истечен манадат и немање кворум во месец декември, истиот не можеше да биде изгласан и донесен.

Од причина што Оштината заради изборниот процес не можеше навремено да ја заврши постапката за избор на нови членови во Управниот одбор сеуште не можеме да го донесеме Годишниот план за набавки. Како да постапиме во овај случај и кои се последиците доколку истиот не се објави на 31 Јануари, или се објави со зкаснување од неколку дена?

### Одговор:

Согласно чкен 75 став (1) од законот, договорниот орган има обврска да изготви годишен план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година, врз основа на планираните извори за финансирање, по видови стоки, услуги и работи според ЗПЈН, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.

Ставот (3) од истиот член од законот се однесува на **обврската за објавување на Годишниот план за јавни набавки за 2026 година** на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), **најдоцна до крајот на јануари 2026 година** .

Непостапувањето по обврската за навремено објавување на Годишниот план за јавни набавки на Електронскиот систем за јавни набавки се смета за прекршок казнив по член 181 став (1) алинеја 3 од законот каде е пропишана прекршочна санкција – глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност за одговорното односно овластеното лице на правното лице кое е договорен орган.

## КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА / ЛИЦЕ ИЛИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБЛИК ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

3. Прашање:

Градоначалникот на Општина е одговорно лице во институцијата кое ги потпишува одлуките за јавни набавки, одлуките за избор на најповолен понудувач, договорите и сл. Дали Секретарот на Општината може да биде дел од Комисијата за јавни набавки при спроведување на постапки за јавни набавки?

Одговор:

Со членот 79 од законот, се пропишуваат работите кои комисијата во зависност од видот на постапката ги врши, а со ставот (2) и (3) од истиот член се задолжуваат членовите на истата да постапуваат согласно со Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки, бројот на членови мора да е непарен.

Имајќи предвид дека законот не воспоставува други услови како на пример формата на работниот однос кои членовите на комисијата треба да го засноваат со договорниот орган, во предвид треба да се имаат и материјалните прописи со кои се регулира работниот однос и правата и обврските кои произлегуваат од него, како и материјалните прописи врз основа на кои се ангажирани тие лица.

Од друга страна, напоменуваме дека членовите на комисијата за јавни набавки, не треба да учествуваат во донесување на одлуките во тој орган.

При спроведување на постапките за јавните набавки, предвид треба да се имаат одредбите кои се однесуваат на општите мерки за спречување на корупцијата утврдени со членовите од 33, 34, 35 и 36 од законот.

Воедно, согласно член 37, за спречување на судир на интересите во постапките за јавни набавки, соодветно се применуваат и одредбите од Законот за спречување на судир на интереси.

Оттука, а во врска со вашето конкретно прашање, се со цел да обезбедите пред се интегритет при спроведувањето на постапките, но и да ги запазите сите етички и морални принципи, ве упатуваме да се обратите до Државната комисија за

спречување на корупцијата, која што е надлежна за примена на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

## УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

4. Прашање:

Согласно член 92 став (1) од законот, договорниот орган може да утврди минимални услови со кои ќе се увери дека економските оператори ги имаат потребните човечки и технички ресурси за квалитетно извршување на договорот.

Додека, согласно член 95 став (8) од законот, во постапките за јавни набавки, техничката и про-фесионалната способност на економскиот оператор може да се докаже на еден или на повеќе од следниве начини: - е) со образовните и професионални квалификации на давателот на услуги или на изведувачот на работи или на неговиот менаџерски кадар, под услов тие да не се евалу-ираат како критериум за избор на најповолна понуда.

Дали се работи за конфликт на овие два члена, бидејќи во едниот член е дозволено да се бараат човечки ресурси, а во другиот член образовните и професионалните квалификации треба да не бидат критериум за избор и / или Дали треба да се бара број на човечки ресурси, а да не се бараат образовни и професионални квалификации?

Одговор:

Со член 92 од Законот се уредува Техничка и професионална способност на понудувачите која може да ја бара договорниот орган во постапката за јавна набавка.

При тоа, треба да се има предвид дека техничката или професионалната способност може да се користи како опционален критериум. Тоа значи дека договорните органи можат да ја бараат, но не мораат. Целта на овој критериум е да се утврди дека економските оператори ги имаат потребните човечки и технички ресурси за квалитетно извршување на договорот доколку бидат избрани за носители на набавката.

Со член 95 од Законот се уредува докажувањето на исполнетоста на условите за квалитативен избор на економските оператори, вклучително и утврдените минимални услови за Техничка и професионална способност, преку кои договорниот орган ќе се увери дека економските оператори ги имаат потребните човечки и технички ресурси за квалитетно извршување на договоро.

Со член 99 се уредуваат Критериуми за избор на најповолна понуда. Согласно став (2) од овој член, економски најповолната понуда се утврдува врз основа на цената или трошоците со користење на пристапот на исплатливост, како што се трошоците во животниот век; или како најдобар однос помеѓу цената и квалитетот, што се

оценува врз основа на критериуми, вклучувајќи квалитативни, еколошки и социјални аспекти поврзани со предметот на набавка кои може да вклучуваат:

а) квалитет и техничка вредност, естетски и функционални карактеристики, достапност, дизајн прилагоден за сите корисници, социјални, еколошки и иновативни карактеристики, како и услови на купопродажба;

б) организација, квалификации и искуство на персоналот кој ќе го извршува договорот, доколку квалитетот на ангажираниот персонал може значително да влијае на извршувањето на договорот и

в) пост-продажни услуги и техничка поддршка, а во исклучителни случаи услови на испорака, како што се датум на испорака, начин на испорака и рок на испорака или рок на извршување.

Имајќи го предвид горенаведеното, договорниот орган, согласно потребите, може да бара економските оператори да имаат определена Техничка и професионална способност, вклучително и потребните човечки и технички ресурси за квалитетно извршување на договорот, при што начинот на докажување ќе биде во согласност со членот 95 од Законот. Во оваа смисла одредбите наведени во вашето прашање не се во конфликт, туку се дополнуваат. Она на што треба да се внимава и на што упатува членот 95 став (8) точка е) со зборовите „под услов тие да не се евалуираат како критериум за избор на најповолна понуда“ е кога во постапката за јавна набавка како критериум за избор на најповолна понуда се применува најдобар однос помеѓу цената и квалитетот, врз основа на критериуми поврзани со организација, квалификации и искуство на персоналот кој ќе го извршува договорот, согласно член 99 став (2) точка б). Во ваков случај договорниот орган треба да внимава исти барања поврзани со квалификации на персоналот да не поставува истовремено како Техничка и професионална способност на понудувачот и како Критериуми за избор на најповолна понуда.

5. Прашање:

Дали Комисијата за јавни набавки, може да прифати ДРД образец постар од 6 месеци без да повреди некои законски одредби и дали ДРД образец постар од 6 месеци е основ на отфрлање на понуда?

Одговор:

Договорниот орган согласно член 89 став (4) од законот, задолжително ја утврдува способноста за вршење професионална дејност, а може да ги утврди економската и финансиската состојба и техничката и професионалната способност.

Како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност согласно член 90 став (1) од законот, договорниот орган бара секој економски оператор да достави доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно

професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

Регистрацијата најлесно може да се утврди со поднесување на документ за регистрирана дејност издаден од надлежен орган. Во нашата држава ваков документ издава Централниот регистар. Во случај економскиот оператор да достави друг документ издаден од Централниот регистар со кој се потврдува неговата регистрација, комисијата може да го земе предвид и ваквиот доказ.

Воедно, договорниот орган задолжително го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор доколку утврди дека е исполнет некој од условите утврдени со член 88 став (1), (2) и (3) од законот.

При тоа, документите со кои се докажува дека не постојат причини за исклучување од членот 88 став (1), (2) и (3) од законот, се утврдени со член 95 став (4), а согласно со став (6) од наведениов члени, овие документите не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување на понудите.

Од наведениве одредби, јасно произлегува дека само документите со кои се докажува дека не постојат причини за исклучување од постапката, не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување на понудите. Но, овој рок не се однесува и на документот за регистрирана дејност.

Истовремено, ви укажуваме дека одговорот на оваа дилема, а и многу други дилеми можете да го најдете на веб страницата на Бирото за јавни набавки во делот – Публикации - Прирачници за јавни набавки - https://www.bjn.gov.mk/category/publikacii/priracnici-za-javni-nabavki-mk/page/3/, како и во Често поставуваните прашања - https://www.bjn.gov.mk/faq/.

6. Прашање:

Член 91 став (2) од законот, предвидува можност договорниот орган да бара:

- минимален годишен приход (вкупен промет), вклучително и минимален приход во дејност поврзана со предметот на набавката, или
- минимална вредност на показатели на работењето (стабилност, ликвидност, успешност и сл.).

Имено, договорните органи имаат пракса да бараат како минимален услов да се поседува „Позитивен финансиски резултат“. Дали истото е во согласност или во спротивност со наведениов член од законот?

Одговор:

Во постапката за јавна набавка, договорниот орган треба да ги вклучи само оние услови што се неопходни за да се увери дека економскиот оператор е способен да го изврши договорот, при што сите услови мора да се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка, неговата сложеност и вредност.

Од наведеново јасно произлегува дека законот, економско-финансиската состојба, како услов за квалитативен избор на економските оператори, ја одредува како опционална и договорниот орган може да ја бара кога ќе оцени дека тое е неопходно и сразмерно на предметот на набавка. Исто така, кога ќе одлучи да ја бара мора да утврди минимални услови кои економските оператори ќе треба да ги исполнат за да се квалификуваат како способни за реализација на договорот. Така, на пример, договорниот орган во тендерската документација не може да каже дека ќе ја утврдува економско – финансиска состојба само со поднесување на извештај од билансот на состојба или податоци од билансот на успех. Тој треба да утврди минимални параметри кои се неопходни економските оператори да ги исполнат. Доколку не знае што ќе оценува од тие биланси не треба ниту да ги бара бидејќи самите биланси не се доказ дека економскиот оператор е способен. На пример, при набавка на градежни работи каде понудувачот ќе треба да авансира голем дел од трошоците пред да ја добие првата уплата, за да може да го издржи ваквиот финансиски товар, ќе мора да има определени средства на располагање. Во овој случај, договорниот орган може да предвиди определен минимален износ на слободни средства или на приход кој го остварува тој економски оператор за да знае дека доколку биде избран за носител на набавката ќе може да го реализира договорот.

Ве известуваме дека договорните органи постапките за јавни набавки, ги спроведуваат согласно со одредбите од Законот за јавните набавки и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка, па отаму кои минимални параметри ке ги земе во предвид при изготвување на тендерската документација е одлука на договорниот орган во зависност од вредноста и природата на предметот на набавка (при што сите услови мора да се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка).

Согласно горенаведеното, а со цел да ја разјасните вашата дилема, ви укажуваме на можноста која ви ја дава член 81 став (4) од законот и прашањето или барањето за промена/дополна на тендерската документација да го поставите до договорниот орган кој ја спроведува предметната постапка за јавна набавка.

Секој економски оператор согласно со член 138 од законот, кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.

Доколку сметате дека минималните услови за утврдување на економската и финансиската состојба не се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка, неговата сложеност и вредност можете да поднесете жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Начинот и роковите за изјавување на жалбата се утврдени со членовите 142 и 143 од законот.

## СРЕДСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ / НЕГАТИВНА РЕФЕРЕНЦА

7. Прашање:

Дали економски оператор кој има активна негативна референца може да учествува како техничка поддршка на друг економски оператор?

Значи само доколку учествува како техничка поддршка, не како финансиска или пак да учествува како група понудувачи.

Во водичот на негативни референци објаснето е дека економскиот оператор не може да учествува во постапки со сопствена понуда или како група понудувачи, но за техничка поддршка не?

Одговор:

Економскиот оператор согласно член 96 став (1) од законот, може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.

При тоа, согласно со ставот (4) од наведениот член, договорниот орган проверува дали субјектот чија способност ја користи економскиот оператор ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување.

Имено, согласно член 88 став (3) од законот, договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени негативни референци од членот 101 став (13) од законот.

Оттука, економскиот оператор кој до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество, се наоѓа на листата на издадени негативни референци, не може да претставува субјекти чија способност може да се користи до истекот на периодот од шест месеци од денот на објавувањето на истата.

## ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА

8. Прашање:

Поедноставената отворена постапка е во фаза на евалуација на понудите. Критериум за избор на најповолна понуда е најдобриот однос помеѓу цената и квалтетот. По објавувањето на огласот во периодот за достава на понудите, извршена е промена во описот на ставките, односно промена во финансиската а со тоа и во техничката понуда. За оваа измена на ЕСЈН е објавено известување за измени. При евалуацијата увидовме дека:

-Еден економски оператори има прикачено техничка понуда по старата тендерска документација, а финансиската понуда е во согласност со измените. Како да постапме со оваа понуда?

-Друг економски оператор нема прикачено изјава за докажување на способност, односно ги има прикачено документи за способност. Документот од УЈП - уверение за платени даноци, е постаро од 6 месеци односо не е валидно, и недостасува овластување за геодетскиот инженер. Дали може дополнително да му бидат побарани наведениве документи?

-Друг економски оператор има изјава за докажување способност, но нема прикачено Листа од АВРМ и изјава за искуство на овластениот геодет, а тоа се едни од документите кои се предмет на бодување за елементот квалитет. Дали може да бидат побарани дополнително?

Одговор:

Согласно член 81 став (1) од законот, договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, техничката спецификација, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Договорниот орган, согласно член 81 став (5) од законот, може по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација.

Измените и дополнувањата на тендерската документација, согласно член 81 став (6) од законот, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација.

Понудувачите имаат обврска да ја изготват својата понуда во согласност со сите барања и услови во тендерската документација односно во согласност со изменетата тендерска документација, а доколку веќе поднеле понуда, истата треба да ја повлечат и да поднесат нова во согласност со последните измени на тендерската документација.

Имајќи предвид дека во фазата на евалуација увид во документацијата има единствено комисијата задолжена за спроведување на постапката за јавна набавка, врз основа на фактичката состојба треба да утврди дали понудата е изготвена согласно тендерската документација и дали е прифатлива или не.

При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, согласно член 109 став (2) и (3) од законот, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација.

Разумен е пристапот да им се дозволи на договорните органи да бараат дополнителни докази, доколку потребната документација и докази се доставени, а недостасува еден или два документи (докази), наместо да се отфрлаат понудите како неприфатливи и со тоа да се придонесе за намалување на бројот на пристигнати понуди како и намалување на можноста за избор на понуда која би значела најдобра вредност за обезбедените пари.

Истовремено, повеќе информации за евалуација на понудите можете да најдете во Брошурата Евалуација на понудите која можете да ја најдете на следниов линк - https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2020/08/Brosura_Evaluacija-na-ponudi.pdf, меѓу другото и во однос на тоа што значи значително отстапување од бараната документација.

Во поедноставена отворена постапка, во зависност од условите и барањата во тендерската документација, изјавата за докажување на способноста се однесува на документите за докажување на исполнувањето на условите за способност, а не и на документите за докажување на барањата за критериумот квалитет, доколку истиот е предвиден како критериум за избор на најповолна понуда.

Во поедноставената отворена постапка доколку се бара документација за да се докаже квалитетот, во тој случај бараната документација треба да се достави заедно со понудата. Барањата за критериумот квалитет и начинот на кој ќе се докажува нивното исполнување (пр. документи за докажување) треба да бидат јасно наведени во тендерската документација.

9. Прашање:

Во поедноставена отворена постапка, која е повторно објавена извршено е намалување на критериумите од првиот пат. Во рокот за доставување на понудите доставени се 4-ри понуди.

Прво рангираниот економкси оператор, користи способност од други субјекти во однос на бараната опреме. За субјектот чија способност ја користи, некои од доставените документи се невалидни.

Во фазата на евалуација, Комисијата бара од економскиот оператор да достави:

- уредно потпишана Изјава по член 88 став (1) од законот, и

- важечка потврда од УЈП, имајќи предвид дека доставената е постара од 6 месеци.

Дали комисијата може да побара достава на документи (ако воопшто не се доставени) или може да побара да се замени документ кој е доставен, а не е валиден?

Одговор:

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Согласно со член 109 став (2) и (4) од законот, при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат документите или да достават документи, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација.

Оттука, комисијата врз основа на фактичката состојба, како и доставената документација треба да оцени дали во конкретниот случај, може да ја искористи можноста која ја дава членот 109 од законот, или понудата/ите ќе ги смета за неприфатливи и согласно со ставот (6) од наведениов член, нема да ги рангира.

Истовремено, доколку сметате дека во конкретниов случај, комисијата постапила спротивно на законот, согласно член 142 став (1), можете да изјавите жалба до Државната комисија за жалби во рок утврден со членот 143.

## СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

10. Прашање:

Доколку склучениот договор со економскиот оператор се раскине спогодбено дали може да се склучи договор со второрангираниот понудувач. Важноста на понудата е измината, односно во тендерската документација е наведено дека понудата има важност од 90 дена, а изминати се 150 дена. Дали во овој случај, можи повторно да се објави оглас за истата предметна набавка по новиот годишен план од 2026 година?

Одговор:

Согласно член 112 став (5) од Законот за јавните набавки (понатаму: Закон), ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

Имајќи го предвид горенаведеното, во случај на раскинување на договор заради ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган има можност да склучи договор со следниот рангиран понудувач, доколку цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда. Притоа, доколку важноста на понудата на следниот рангиран понудувач е истечена, потребно е договорниот орган да побара од понудувачот да се изјасни дали неговата понуда е сеуште релевантна и дали прифаќа да се склучи договор врз основа на поднесената понуда.

Сепак, договорниот орган треба внимателно да ги процени околностите за примена на оваа одредба, особено доколку дел од договорот е веќе реализиран.

Доколку договорниот орган не ја примени оваа одредба, истиот  има можност повторно да објави постапка за јавна набавка за предметната потреба, согласно новонастанатите околности.

Истовремено, а со оглед дека од податоците изнесени во прашањето произлегува дека потребата од истата предметна набавка е предвидена во годишниот план од 2026 година, сметаме дека е поцелисходно да се објави оглас и да се спроведе нова постапка за јавна набавка за предметната набавка.

11. Прашање:

Кој во институцијата може/треба да биде лице за реализација на договорот. Дали раководител на одделение за материјално и финансиско работење може да биде лице за реализација на договор?

Одговор:

Согласно член 117 став (2) од законот, договорниот орган е должен да врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба е во согласност со условите од договорот.

Имајќи го предвид горенаведеното, укажуваме на потребата од донесување на интерни процедури со кои ќе се уреди спроведувањето на јавните набавки во рамки на договорниот орган. Со наведените процедури ќе се уреди подготовката на јавните набавки, спроведувањето на постапките за јавни набавки, склучувањето на договорите за јавни набавки и нивното реализирање, односно ќе се уреди постапувањето на комисиите за јавни набавки и на организационите единици за чии потреби се спроведуваат конкретните набавки, (што подразбира и номинирање на лица од организационата единица која има стручни знаења од предметот на набавка), каде ќе бидат наведени и нивните обврски. Исто така, овие процедури треба да го уредат изготвувањето на техничките спецификации за конкретниот предмет на набавка, назначувањето на комисиите за јавни набавки, постапувањето на лицата за јавни набавки, како и лицата задолжени за следење и реализација на договорите за јавни набавки.

Согласно сето горенаведеното, а во врска со вашето прашање, сметаме дека реализацијата на договорите за јавна набавка по правило треба да ја следи организацискиот облик кој ја изјавил потребата од конкретната набавка (бидејќи тој ја поседуваат потребната стручност). Контролата на извршувањето на договорот за јавна набавка треба да се врши согласно воспоставените процедури во договорниот орган, барањата од тендерската документација, одредбите од склучениот договор за јавна набавка на стоки/услуги/работи како и материјалните прописи и професионалните стандарди во областа од која е предметот на јавната набавка.

Напоменуваме и дека согласно член 10 став (4) од  Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, организационата единица за финансиски

прашања кај матичните буџетски корисници, буџетските корисници и претпријатијата во јавна сопственост не врши набавки и не потпишува договори, заради примена на принципот на поделба на должностите.